ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2828/1
22-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на продолжението на - 23тата седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 08-2254/1 од 25.04.2023 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-2254/1 од 25.04.2023 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број *08-2254/1 од 25.04.2023* година е оформен по сопствена иницијатива а по доставена пријава во одделението за спречување на судир на интереси и лобирање.

ДКСК на колегиум одржан на 11.04.2023 година заклучи да се отвори предмет во Одделението за следење на имотна состојба со цел да се изврши проверка во евиденцијата и да се утврди дали се исполнети законските услови за спроведување на постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ против лицата д-р ------------------------, д-р -------------------, проф. д-р ---------------, м-р ---------------------- и -------------------------------. Претходно наведените лица именувани се за претседател и членови на -------------------------------------- на РМ со решение бр. 41-7422/2 од 23.08.2022 година и решение 41-8523/6 од 08.11.2022 година.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека горенаведените лица во законски утврдениот рок по именување на функцијата претседател односно членови на -------------------------------- на РМ не поднеле анкетен лист со што постапиле спротивно на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК на именуваните лица им издаде и достави прекршочни платни налози.

Именуваните лица во рок од 8 дена постапиле по однос на издадените прекршочни платни налози и платиле половина од предвидената глоба.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: Б.С., советник
Контролирал: м-р Н.Т.М., р.о.
Согласен: К.З., р.с.
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930